РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕБРЦА
"СОВЕТ НА ОПШТИНАТА"

| Примено | 21.12.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03- | 2542/1 | | |

Република С.Македонија
ООУ„Дебрца" с.Белчишта
Бр. 03-626/1
20.12.2022 год.

**ДО ОПШТИНА ДЕБРЦА**

**ДОСТАВУВА:** ООУ„Дебрца" с.Белчишта
**ПРЕДМЕТ:** Извештај од извршена самоевалуација за период од јуни 2020 до јуни 2022 година

ООУ„Дебрца" с.Белчишта согласно позитивните законски прописи Ви доставува извештај од извршената самоевалуација за период од јуни 2020 до јуни 2022 година. Врз основа на член 129 став 1 од Законот за основно образование (Сл. Весник на РСМ 161/19) Училишната комисија за спроведување на самоевалуација изготви извештај за извршената самоевалуација со предлог мерки за подобрување на квалитетот на наставата кој е доставен до Училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот.

**Во прилог:**

- Копија од одлука за усвојување на извештај за извршена самоевалуација во ООУ„Дебрца" с.Белчишта за период јуни 2020 до јуни 2022 заведена под дел.бр. 02-594/9 од 09.12.2022
- Извештај од извршена самоевалуација за период јуни 2020 до јуни 2022 година заведена под дел.бр. 02-594/9 од 09.12.2022

Предното се става во Ваша надлежност.

с.Белчишта
20.12.2022

ВД Директор

Билјана Славевска

Република Северна Македонија
ООУ„Дебрца“ с. Белчишта
Бр. 02-594/9
09.12.2022

Врз основа на член 129 став 1 од Законот за основно образование (Сл. Весник на РСМ 161/19) Училишниот одбор на седницата одржана на ден 09.12.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Извештајот за извршената самоевалуација во ООУ„Дебрца“ с. Белчишта за периодот од јуни 2020 до јуни 2022 година - и усвојување на самоевалуацијата за истиот период**

**Член 1**

Се усвојува Самоевалуацијата на ООУ„Дебрца“ с. Белчишта врз основ на поднесенит извештај од Комисијата за спроведување на самоевалуација за периодот од јуни 2020 до јуни 2022 година.

**Член 2**

Самоевалуацијата и извештајот од истата се составен дел на оваа Одлука и се заведени под деловоден број од оваа одлука 02-594/9 од 09.12.2022 година.

**Член 3**

Оваа одлуката стапува во сила со денот на донесување.

Претедател на Училишен одбор

В Мицкоска
/Виолета Мицкоска/

ООУДебрца

**ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА ЗА РАБОТАТА НА ООУ„ДЕБРЦА“ с. Белчишта**

**за период јуни 2020 – јуни 2022 година**

**Декември, 2022година**

## С О Д Р Ж И Н А

Училишна комисија за самоевалуација ........................................................ 1
Извештај од спроведена самоевалуација ........................................................ 2
Подрачје 1: Наставни планови и програми… ........................................................ 4
Подрачје 2: Постигања на учениците ........................................................ 9
Подрачје 3:Учење и настава ........................................................ 11
Подрачје 4: Подршка на учениците ........................................................ 13
Подрачје 5: Училишна клима и односи во училиштето ........................................................ 15
Подрачје 6: Ресурси ........................................................ 17
Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика ........................................................ 20

## УЧИЛИШНА КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Сања Наковска – стручен соработник,психолог

Лилјана Аврамоска – стручен соработник, библиотекар

Павлина Г. Палоска-наставник по математика

Билјана Бибоски Стојкоски – наставник по германски јазик

Јованка Бушиноска - родител

**ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

**ООУ„ДЕБРЦА“ – с.БЕЛЧИШТА**

| | |
|---|---|
| **Период на самоевалуација** | **2020– 2022година** |
| **Вид на училиште** | **Основно општинско училиште** |
| **Основач на училиштето** | **Општина Дебрца** |
| **Наставен јазик** | **македонски јазик/албански јазик** |
| **Претстадател на Училишен одбор** | **Сања Наковска** |
| **Директор на училиштето** | **Билјана Славевска** |
| **Адреса на училиштето** | **с .Белчишта** |
| **Телефон** | **046/286-003** |
| **Електронска пошта** | **oudebrca@yahoo.com** |
| **Веб страна на училиштето** | **www.ooudebrca.edu.mk** |

**Мисија**

*Нашето училиште се залага за промовирање и развивање на образовните и воспитните цели преку следење на научните достигнувања и иновации. Со примена на принципите на квалитет, економичност и одговорност секој ученик сфаќа дека е посебна единка која активно учествува во образовниот процес. Нашата мисија е училиштето да поттикнува примена на промените кои се дел од унапредувањето на наставниот процес, да овозможи нови и алтернативни решенија со кои секој ученик ќе може да ги истакне своите квалитети. Училиштето ќе го поттикнува учењето и личниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците, преку создавање услови кои промовираат мултикултурализам, инклузивност и интеграција на сите ученици во здрава училишна средина.*

**Визија**

*Училиштето е институција која се води по највисоките воспитно- образовни стандарди кои недвосмислено ги негуваат човековите морални и духовни вредности.*

**Мото на училиштето**

*„Училиштето мора да биде прилагодено на децата, не децата на училиштето, зашто не се ѕидовите тие кои го прават училиштето, туку духот што владее во него“*

**РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

Врз основа на член 129, став 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од Законот за основно образование (Сл. Весник на РСМ 161/19). Тимот за изготвување самоевалуација на работата на ООУ „Дебрца", за периодот од 2020 година до 2022 година, изврши самоевалуација на работата во училиштето. Изработката на оваа самоевалуација одзеде повеќе време за изработка поради пандемијата со Корона вирусот во која бевме затечеми. Во текот на работата, тимовите остварија средби и разговори со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа се користеа повеќе податоци. Исто така беа спроведени анкети со учениците, наставниците, Директорот, стручната служба и родителите. Сите добиени податоци беа анализирани и врз нивна основа се донесе следниот извештај. За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, од Проектот за модернизација на образованието и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во се помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

**Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени работата на училиштето со оценка многу добар.** Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, која е добиена од сите седум подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето.

**Подрачје 1: Наставни планови и програми**

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Подрачје 3:Учење и настава**

**Подрачје 4: Подршка на учениците**

**Подрачје 5: Училишна клима и односи во училиштето**

**Подрачје 6: Ресурси**

**Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика**

Квалитетот на анализираните теми и области се евалуирани на четири нивоа (многу добро, добро, делумно задоволува и не задоволува) според однапред одредените индикатори. Врз основа на дадената оценка се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања. Придонес за ваквата донесена оценка имаат сите вработени во училиштето и учениците, како и родителите.

**Подрачје 1 – Наставни планови и програми**

***Индикатори:***

**1.1 Реализација на наставните планови и програми**

**1.2 Квалитетот на наставните планови и програми**

**1.3 Вонннаставни активности**

**Клучни јаки страни**

- Наставата се организира согласно наставните планови и програми
- Наставниот кадар е стручен и компетентен за реализација на наставните планови и програми, подготвени од МОН и БРО.
- Наставниците изготвуваат годишни и тематски процесни планирања кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот
- Наставниците работат тимски и разменуваат меѓусебни искуства во однос на наставните програми
- Постои заемна соработка на ниво на стручни активи.
- Училиштето зема активно учество на семинарите во текот на учебната година

- Училиштето соработува со невладини организации и локалната средина
- Учениците слободно заедно со своите родители избираат кој изборен предмет ќе го изучуваат
- Секој ученик согласно своите афинитети избира во кои вонnаставни активности ќе учествува
- Учениците кои го афирмираат училиштето и постигнуваат високи резултати на натпреварите, училиштето им доделува награди и дипломи
- Квалитетно изготвување на годишни и тематски – процесни планирања.
- Навремено доставување на годишни и тематски – процесни планирања.
- Размена на искуства стекнати на семинари помеѓу наставниците на ниво на актив
- Интерактивна настава со примена на интерактивни форми, методи и техники на учење и поучување
- Следење на напредокот на учениците
- Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење.
- Не постои никаква родова поделеност во училиштето.
- Се превземаат многубројни активности за исполнување на образовните потреби и отстранување на пречките.

- Секој ученик има целосна поддршка и од педагошко-психолошката служба , во решавањето на воспитно-образовните проблеми.
- За учениците кои имаат потешкотии во учењето редовно се одржува дополнителна настава.
- мотивираност на наставниците за меѓусебна соработка и помош за надминување на проблемите во и околу наставата и наставниот процес воопшто.
- различни форми и методи за оценување на постигањата на учениците.
- практична примена на стекнатите знаења на учениците
- позитивен и професионален однос кон учениците и родителите
- соработка со родителите
- развивање на иницијативност за меѓусебна соработка и помош , заедничко дружење и надминување на верски, национални, социјални бариери
- Максимално се користат расположливите капацитети за изведување на наставата
- Училишната библиотека располага со потребните лектирни изданија и е добро средена и досгапна на учениците
- Училиштето располагага со разновидна стручна литература

- Во училиштето работи квалификуван и оспособен наставен кадар кој работи тимски и друг административно-технички персонал
- За учениците со посебни потреби задоволена е потребата од вклучување на дефектолог

**Слабости**

- Постојните нагледни средства и технички помагала во целост не ги задоволуваат потребите за реализација на наставата
- Интересот на родителите за наставните програми е мал
- Оптовареност на учениците со неделен фонд часови и содржни по поедини наставни предмети
- Проблеми со интернет мрежата
- Недостасува Иницијативност на родителите за изготвување покавлитетни програми соодветни за возраста на учениците
- Поголема мотивација на учениците и родителите за учество во воннаставни активности
- Примена на диференциран пристап во наставата како учениците би напредувале според своите можности и способности
- Во предметна настава има потреба од естетско уредување на училниците.
- Мотивирање на учениците преку примена на истражувачки постапки и проекти во наставата

- Задоволување на потребите од потрошен материјал за наставата
- Недоволна примена на нагледни наставни средства;
- Наставните планови и програми по предмети и одделенија не соодветствуваат со учебникот;
- Недоволен простор за реализација на целосна кабинетска настава;
- Недостаток на учебници, прирачници и стручна литература за наставниците;
- Потреба од набавување на некои современи дигитални средства и дидактички материјали
- Има потреба од уредување на уште неколку компјутерски училници
- Во училиштето нема регистриран спортски клуб
- Учениците се преоптоварени со наставни часови за нивната возраст

**Приоритети**

- Набавување на нагледни средства и дидактички помагала за квалитетно изведување на наставата како и потрошен материјал
- Опремување со ИКТ технологија
- Стабилен интернет
- Организирање на разновидни воннаставни активности во училиштето
- Мотивирање на учениците во предметна настава преку примена на активни форми и техники на учење

- Подобрување на инфраструктурата во училиштето
- Регистрирање на спортски клуб

**Подрачје 2 – Постигање на учениците**

*Индикатори:*

**2.1 Постигања на учениците**

**2.2 Задржување/ осипување на учениците**

**2.3 Повторување на учениците**

**Клучни јаки страни**

- високообразуван, стручен кадар, со добра мотивација за работа и подготвеност за промени;
- постојано унапредување на наставниците преку обуки, семинари, курсеви, проекти и дисеминација;
- континуирано осовременување на условите за работа во училиштето (просторни и технолошки);
- организирано, постојано следење на постигањата на учениците;
- засилена работа на инструменти за следење на постигањата;
- соодветно реагирање на промените во постигањата и континуирано прилагодување на ВОР;

- јасна визија за идните правци на развој во училиштето.

**Слабости**

- ограниченост на време - учениците се врзани со организираниот транспорт на релација дом-училиште-дом, и тоа на голема територија.
- Обемот на редовните активности (редовна, дополнителна и додатна настава и СУА) не остава слободен простор за никакви дополнителни ангажмани во правец на подобрување на постигањата.
- мотивираноста на учениците е во раст, но сеуште не е на посакуваното ниво голем број родители сеуште не покажуваат подготвеност за соодветна соработка со училиштето за образованието на своите деца.
- Не почитување на реонизација и осипување на првачиња и прилив во други училишта, а не во училиштето кое се наоѓа во нивниот реон на живеење
- И покрај досегашните обуки и примена на нови методи и техники се наметнува потребата од понатамошни обуки за стручно усовршување на наставниците за одредени области (работа со ранлива категорија, ПОП, надарени и талентирани ученици)
- Недоволно развиен систем за наградување и промоција на наставниците и учениците кои постигнале високи резултати

**Приоритети**

- Да се продолжи со засилено следење и оформување на инструменти за следење на постигањата на учениците лесни за користење
- Мотивирање на родителите на учениците за поголема соработка со училиштето во поглед на следењето на постигањата
- Да се направи долгорочна стратегија за намалување на осипувањето на учениците и нивно задржување во училиштето
- Ангажирање на стучни лица за одржување на обуки за стручно усовршување на наставниците
- Донесување на интерен правилник за наградување на наставниците и учениците кои постигнале високи успеси

**Подрачје 3 – Постигнувања на учениците**

***Индикатори:***

**3.1 Планирања на наставниците**

**3.2 Наставен процес**

**3.3 Искуства на учениците од учењето**

**3.4 Задоволување на потребите на учениците**

**3.5 Оценување како дел од наставата**

**3.6 Известување за напредокот на учениците**

**Клучни јаки страни**

- Редовно и навремено планирање на наставата во согласност со поставените барања од МОН и БРО.
- Наставниците имаат навремено изготвени годишни, тематски планирања и дневни подготовки, кои ги содржат сите неопходни елементи за успешно планирање и реалзирање на наставата.
- За поефикасно планирање на наставата, наставниците ги разменуваат своите искуства со колегите на ниво на стручните активи и добиваат континуирана поддршка од стручните служби.
- Училиштето има пропишана процедура за следење на наставниот процес и истата редовно се применува.
- Атмосферата и средината за учење, учениците ја доживуваат како позитивна.
- Наставниците користат различни методи,инструменти  и техники за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците
- Постои интеракција меѓусебе и со возрасните во училиштето преку вклучување во проекти и натпревари надвор од училиштето
- Родителите се редовно и навремено информирани за постигањата на учениците во наставата и нивното поведение.

ООУ „Дебрца", с.Белчишта
Тел/Факс: 046/286-003
email: oudebrca@yahoo.com
Веб www.ooudebrca.edu.mk



**Слабости**

- Поголемо придонесување на родителите за естетско уредување на училишните простории
- Унапредување на поучувањето со примена на различни стилови,методи и техники на работа со учениците
- Поголема соработка со родителите на децата од ниско социјална структура
- Поголема соработка и вклучување на родителите на ученици со ПОП
- Тековно унапредување на наставниците преку обуки,курсеви , семинари , проекти и десиминации

**Приоритети**

- Поголемо придонесување на родителите за естетско уредување на училишните простории
- Унапредување на поучувањето со примена на различни стилови,методи и техники на работа со учениците
- Поголема соработка со родителите на децата од ниско социјална структура
- Тековно унапредување на наставниците преку обуки,курсеви , семинари , проекти и десиминации
- Поголема соработка и вклучување на родителите на ученици со ПОП

**Подрачје 4 – Подршка на учениците**

***Индикатори:***

**4.1 Севкупна грижа за ученциите**

**4.2 Здравје**

**4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**

**4.4 Следење на напредокот**

**Клучни јаки страни**

- Во училиштето се организираат голем број на едукативни работилници за заштита на идувидуалното здравје и превенција од различни болести;
- Преку низа активности во училиштето се развиваат хуманите вредности и емпатијата кон социјално загрозените семејства и ранливата категорија на ученици;
- Во нашето училиште се изготвуваат индивидуални образовни планови за учениците со пречки во развојот;
- Училиштето ги советува и ги ориентира учениците при изборот на нивното идно образование, при што се организираат презентации од страна на средните училишта или учениците се носат во посета на истите;

- Наставниците водат индивидуални ученички досиеа за своите ученици;
- На крајот на секој квалификационен период се врши анализа на напредокот на учениците по паралелки;
- Постои обучен наставен кадар за Прва помош и заштита од елементарни непогоди.

**Слабости**

- Да има повеќе работилници за учениците за решавање на конфликтна ситуација
- Да се обрне повеќе внимание во градењето на доверба помеѓу наставниците и децата со социо-емоционални проблеми
- Потребно е да се постави обезбедување во училиштето за време на часовите и одморите
- Хигиената во целото училиште треба да се подигне на повисоко ниво.

**Приоритети**

- Подобрување на хигиената на ниво на училиште;
- Поголемо внимание на вработените кон учениците со социо-емоционални проблеми
- Превземање на соодветни мерки за зголемување на безбедноста во училишните згради (обезбедување).

**Подрачје 5 – Училишна клима и односи во училиштето**

***Индикатори:***

**5.1 Училишна клима и односи во училиштето**

**5.2 Промовирање на постигањата**

**5.3 Еднаквост и правичност**

**5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедниц**

**Јаки страни**

- Политиката на училиштето е за взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот;
- Учениците подеднакво се третираат од страна на наставниците без разлика на нивните способности, род, етничка припадност, вера и потекло;
- Училиштето води особена грижа за децата со ПОП за што беа организирани интерни обуки.
- Родителите се активни партиципиенти во сите сегменти од училишното живеење;

- Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница и учествува на настани од интерес на истата;

**Слаби страни**

- Недоволно промовирање на постигањата на учениците;
- Превземање на мерки за подобрување на хигиената.
- Недоволна соработка на родителите од социјално ранливите групи и ученици со ПОП

**Приоритети**

- Проширување на активностите за промовирање на постигањта на учениците;
- Продлабочување на соработката со родителите на деца од социјално-ранливите групи и ПОП

**Подрачје 6 – Ресурси**

***Индикатори:***

**6.1 Просторни капацитети**

**6.2 Наставни средства и матријали**

**6.3 Наставен кадар**

**6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

**6.5 Финансиско работење во училиштето**

**Клучни јаки страни**

- Максимална искористеност на просторните капацитети за изведување на наставниот процес;
- Училиштето има план и распоред за изведување на наставата и вон-наставните активности;
- Сите училници се опремени со клупи соодветни за работа;
- Во наставата се користат современи методи и техники со примена на ИКТ во наставата;
- Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал, согласно донесениот план за јавни набавки;
- Учество на наставниците на симпозиуми, конференции, конгреси и семинари во земјата и во странство;

- Училишниот одбор и Советот на родители навреме се запознати со финансискиот извештај за материјално-финансиското работење во претходната година и притоа се разгледува и усвојува финансискиот план за наредната година кој се доставува за разгледување и усвојување до Советот на Општина Дебрца;

- Раководниот кадар во договор со советот на родители ги одредува приоритетите, чии сугестии придонесуваат за подобрување на условите во училиштето;

- Раководниот тим прави заложби за обезбедување на финансиска поддршка, вклучување во проекти за меѓународна соработка и обезбедување на наставни средства и помагала;

**Слабости**

- Училишните библиотеки немаат читални и не располагаат со стручна литература

- Лоши хигиенски услови

- Немање на кабинетска настава која би го подобрила квалитетот на наставата

- Недостаток на технички средства за оддржување на ИКТ настава.

- Недоволна опременост со нагледни средства и помагала

**Приоритети:**

- Збогатување на книжниот фонд на училиштето
- Збогатување на училиштето со нагледни средства и помагала

**Подрачје 7 – Управување, раководење и креирање политика**

*Индикатори:*

**7.1 Управување и раководење (креирање политика) со училиштето**

**7.2 Цели и креирање на училишна политика**

**7.3 Развојно планирање**

**Јаки страни**

- Училиштето има одговорен раководен тим кој се залага за унапредување на воспитно-образовната дејност,со стремеж поставените цели да бидат реалност-современо и ефективно училиште.
- Раководниот тим на училиштето соработува со сите субјекти во училиштето креирајќи ја училишната политика .
- Во училиштето постои повеќенасочна комуникација помеѓу ученици, родители и наставници.
- Раководниот кадар има јасна визија за развој на училиштето во смисла да оспособува правилно оформени личности кои самостојно ќе донесуваат одлуки,лесно ќе соработуваат со другите и ќе се снаоѓаат во средината во која живеат како и да се оспособат сами да го планираат и градат својот натамошен развој.

- Органите на управување и раководење покажуваат иницијативност и истрајност во реализацијата на поставените цели со континуирано следење на сите позитивни и негативни случувања во текот на воспитно-образовната работа и сите промени кои перманентно се случуваат со цел навремено да се интервенира за нивно реализирање во насока на позитивен развој на воспитно образовниот процес.

- Вработените, родителите и учениците навремено се информирани со одлуките на Управниот одбор и други прашања кои се во интерес на работата на училиштето.

- Раководниот орган своето работење го заснова преку дејствување на тимови од различни подрачја на воспитно образовниот процес.

**Слаби страни**

- Самоиницијатива за вклученост на училиштето во иновативни практики и проекти кои би обезбедиле материјална поддршка во реализирање на конкретни активности во врска со развојното планирање.

- Недоволно финансиски средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето и подобрување на условите за функционирање на воспитно-образовниот процес.

**Приоритети**

- Зголемена самоиницијатива за вклученост на училиштето во иновативни практики и проекти кои би обезбедиле материјална поддршка во реализирање на конкретни активности во врска со развојното планирање.

- Обезбедување финансиски средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето и подобрување на условите за функционирање на воспитно-образовниот процес со вклученост на сите субјекти во воспитно-образовниот процес.

Според извршената самоевалуација комисијата донесе одредени предлог-мерки за надминување на слабите страни на училиштето,осовременување на наставниот процес и подигнување на стандардите за учење.

**Предлог Мерки**

1. **Донесување на стратегија за намалување на осипувањето на бројот на ученици во општината**
2. **Донесување на стратегија за почитување на реонизацијата**
3. **Обезбедување на финансиски средства за отварање на паралеки за продолжен престој на учениците од I до V одделение**

Комисијата, Извештајот од извршената самоевалуација на работењето на училиштето ќе го достави до Училишниот одбор, до директорот на училиштето и до основачот.

Бр. 02-594/9

09.12.2022

Тим за самоевалуација на училиштето